РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4442/1
20.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Деветнаесетти дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот за соработка од 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за Локалните избори 2025 за активностите реализирани на 17 октомври 2025 година.

Во извештајот информираме дека Агенцијата изврши подготовки за спроведување на мониторингот за време на изборниот молк, кој започна на 18 октомври и траеше до 19:00 часот на 19 октомври 2025 година.

Агенцијата, исто така, одговори на две претставки поднесени од политичката партија ВЛЕН, кои се однесуваат на содржини објавени на онлајн-порталот Tetova Sot и на новинарот Невриј Адеми. Во одговорот е наведено дека Агенцијата нема законска надлежност, ниту по Изборниот законик ниту по Законот за медиуми (ЗМ), да постапува во однос на содржините објавени на онлајн медиуми, а подносителот е упатен претставките да ги достави до Здружението на новинарите на Македонија и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), како тела надлежни во рамки на системот на саморегулација.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**